ГРАД СКОПЈЕ
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 214

Наш број: 09-7236/1
27-05-2025
Скопје

Врз основа на член 45 став 1 од Закон за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Секретарот на Град Скопје донесе

## ОДЛУКА

1. За извршител на работното место Помошник раководител на Сектор за поддршка на градоначалникот во Секторот за поддршка на градоначалникот, со шифра УПР0101Б03000, по јавен оглас 168/2025 се избира кандидатот **Анета Апостолоска.**
2. Именуваната ќе биде вработена на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за вработување.

## Образложение

На ден 17.04.2025 година во дневните весници „Нова Македонија”, „Слободен печат“ и „Коха“ и на интернет страната на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас број 168/2025 за вработување на 1 (еден) административен службеник во Град Скопје.

Комисијата за селекција за вработување формирана со Решение на Директорот на Агенцијата за администрација бр.10-789/3 од 25.04.2025 година и Решение за изменување и дополнување бр.10-789/6 од 22.05.2025 година, ја спроведе постапката за селекција за вработување.

По спроведената постапка за селекција за вработување, Комисијата изготви Конечна ранг-листа и Предлог кандидати за вработување за јавен оглас 168/2025 со којшто му предложи на Секретарот на Град Скопје за работното место УПР0101Б03000 Помошник раководител на Сектор за поддршка на градоначалникот, Сектор за поддршка на градоначалникот, да го избере кандидатот Анета Апостолоска.

Врз основа на наведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат;
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Агенцијата за администрација;
- Архивата.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT-SHKUP

**Град Скопје**
**Секретар**

**Зоран Глигоров**